## МИНИСТЕРСТВО
## ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3387.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ОД ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за донесување на решение од страна на директорот на центарот за социјална работа заради недонесување на решение по поднесено барање за остварување на правото за заштита на децата: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете, во рокот утврден во член 36 став 1 од Законот за заштита на децата.

Член 2

Барањето за донесување на решение од директорот на центарот за социјална работа се поднесува на образец: „Барање за донесување на решение од директорот на центарот за социјална работа“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

- примател на барањето – писарница на центарот за социјална работа;
- наслов: „Барање за донесување на решение од директорот на центарот за социјална работа“;
- податоци за подносителот на барањето (име, татково име и презиме, адреса и место на живеење (според лична карта);
- краток опис на барањето;
- место и датум на поднесување на барањето; и
- потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 30 септември 2011 година.

Бр. 11- 6223/3
31 октомври 2011 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
**Спиро Ристовски**, с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО**
**ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА______________________________**

# Б А Р А Њ Е
## за донесување решение од директорот на центарот за социјална работа

**Податоци за подносителот на барањето:**

________________________________________________________________________
(име, татково име и презиме)

**Адреса** __________________________________________

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Со оглед дека во рок утврден во член 36 став 4 од Законот за заштита на децата не е донесено решение по поднесено барање број ___________ од _______________ година, поднесувам барање до директорот на ЈУ ____________________________________________ да донесе решение за остварување на _____________________________________________________.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број_________ од _____________ година.

Место и датум Подносител на барањето

__________________ ________________________